Анализа на јавното мислење бр.03/2020

-

# Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2019)

Автор: Иван Дамјановски

-

февруари 2020



IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

*Гледиштата изразени во овој документ се на авторите и не нужно ги одразуваат гледиштата на Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија "Социетас Цивилис" - Скопје.*

# Импресум

**Наслов:** Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2019)

**Издавач:** Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје

**Автор:** Иван Дамјановски

**Лектура:** Јана Димитровска

**Дизајн:** Дејан Кузмановски

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**

http://www.kas.de/mazedonien/mk
http://www.idscs.org.mk

# Заклучоци

- Споредено со 2018 година, поддршката за членство во ЕУ бележи значителен пад.
- Процентот на поддршка за членство во ЕУ во последните шест години е паднат за 15%.
- Се јавува генерациски јаз во поддршката за членство во ЕУ, со поизразен евроскептицизам кај постарата популација.
- Пад на ентузијазмот околу членството во ЕУ е воочлив и во однос на перцепциите за важноста на членството во ЕУ.
- Недоволната информираност околу пристапниот процес се одразува на нереалните перцепции на граѓаните околу подготвеноста на државата за членство во ЕУ.
- Мнозинство од испитаниците констатираат напредок во процесот на европска интеграција во текот на 2019 година.
- Неостварувањето на потребните реформи за влез во ЕУ и неподготвеноста на ЕУ да ја прифати Северна Македонија како своја членка се перципирани како најголеми бариери на перспективите на Северна Македонија за членство во ЕУ.
- Бројот на испитаници кои ги перципираат соседните држави како главни кочничари на влезот во ЕУ е во опаѓање.

- Воочлива е поголема конвергенција помеѓу ставовите на етничките Македонци и Албанци во однос на причините поради кои Северна Македонија не е членка на ЕУ.

- Сè поголем број граѓани развиваат пореалистична перцепција околу временската рамка за членството во ЕУ.

- Сепак, повеќе од третина од популацијата сè уште верува дека македонското членство во ЕУ би се остварило во временска рамка од три до пет години, што укажува на недоволно познавање на динамиката на пристапниот процес.

- Една третина од етничките Македонци се убедени дека Северна Македонија никогаш нема да влезе во ЕУ.

- Рационалистичко-утилитарните фактори остануваат главна детерминанта на поддршката за членство во ЕУ.

- Можноста за полесен пристап до работа во странство преку мобилноста на работниците која ја овозможува членството во ЕУ станува сè поважен фактор за оние испитаници кои го поддржуваат македонското членство во ЕУ.

- Намалувањето на невработеноста и економскиот развој се перципираат како клучни области во јавните политики врз коишто членството во ЕУ ќе има позитивно влијание.

- Влијанието на идентитетските фактори врз формирањето на евроскептични ставови е во нагорен тренд.

- Воочлив е раст на евроскептична енергија кај граѓаните со ексклузивна етно-национална самоидентификација.

# Вовед

Поддршката за членство на Северна Македонија во Европската Унија (ЕУ) и нејзиниот пристапен процес се јавува како предмет на бројни истражувања на јавното мислење. Меѓутоа, најголемиот број од овие истражувања се од ad hoc природа и ретко кога се врамени во лонгитудинална и конзистентна методолошка рамка. Постои очигледен недостаток од унифицирани бази на податоци кои би понудиле повторливи истражувања на јавното мислење кои би ги мереле ставовите на јавноста низ воедначена и кохерентна методолошка рамка преку повеќегодишни временски периоди. Со цел да се пополни оваа празнина, Институтот за демократија „Социетас Цивилис“-Скопје и Фондацијата Конрад Аденауер во 2014 година започнаа со воспоставување на лонгитудинална база на податоци за јавната поддршка на пристапниот процес и членството на Северна Македонија во ЕУ која би се создавала преку годишни истражувања на јавното мислење засновани на кохерентна методологија и мерење на идентични прашања. Оваа база на податоци се сосредоточува на две димензии на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон ЕУ коишто се адресираат во секое годишно истражување, а чиешто мерење се ефектуира преку користење на идентична батерија на анкетни прашања. Едната димензија се однесува на утврдување на општи трендови на јавната поддршка на членството на Северна Македонија во ЕУ. Втората цел е да се воспоставaт детерминанти за таквата поддршка преку долгорочна анализа на влијанието на три фактори: рационалистичко-утилитарни,

идентитетски и сугестии од политички елити и политички партии. Ваквата акумулација на споредливи податоци го отвора патот за воспоставување на посериозни лонгитудинални анализи на поддршката за членството на Северна Македонија во ЕУ. Притоа, како надополнување на овој унифициран дизајн, секое годишно истражување понатаму го испитува и јавното мислење за евроинтеграцискиот процес, низ призма на актуелни теми специфични за конкретни временски периоди.

Појдовна точка на ваквиот пристап се наодите на монографијата „Јавното мислење и процесот на пристапување на Македонија кон Европската Унија (2004-2014)“,[1] објавена во 2014 година, која воедно ги вклучува и податоците од истражувањето на јавното мислење спроведено во 2014 година, а кое претставува референтна методолошка точка за сите подоцнежни истражувања. Оваа опсежна студија оствари две цели. Прво, утврди општи трендови на поддршка на членството на Северна Македонија во ЕУ кои укажуваат на корелација помеѓу динамиката на поддршката за членство во Европската Унија  и развојот на македонскиот процес на пристапување кон ЕУ манифестирана во два временски периоди: 2004-2009 како период на конзистентна и исклучително висока поддршка и 2010 - 2014 како период на постепен пад на поддршката за членство во ЕУ. Второ, студијата воспостави аналитички модел на детерминантите на поддршката за членство во ЕУ преку соодносот на три фактори на креирање на јавни ставови: рационално-утилитарни, идентитетски и сугестивно влијание на политичките партии.[2] Рационално-утилитарната рамка ја претпоставува важноста на калкулацијата на

1 Дамјановски, Иван. “Јавното мислење и пристапувањето на Македонија кон Европската унија (2004-2014)”, Фондација Конрад Аденауер / Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје, 2014

2 За поопсежно теоретско објаснување на моделот, види: ibid, стр. 13-24

материјални придобивки како главен двигател на ставовите на поединците за поддршка на процесот на европска интеграција.  Во овој контекст, поддршката може да се заснова на моментални или идни перцепции околу личната или општествената корист од пристапувањето кон Европската Унија. Од друга страна, поддршката на процесот на европска интеграција може да биде резултат и на влијанието на идентитетски и вредносни фактори кои го обликуваат светогледот на поединецот, кој следствено е основа за формирањето на ставовите кај поединецот. Притоа, степенот на национална самоидентификација и чувството за културолошка закана се манифестираат како примарни фактори за варијација во ставовите. Конечно, формирањето на јавните ставови околу членството во Европската Унија може да биде и резултат на влијание на политичките партии кои се способни своите ставови околу одредени важни општествени прашања да ги наметнат на своите симпатизери. Оттука, се претпоставува дека разликите во ставовите околу процесот на европска интеграција зависат од воедначеноста на ставовите на политичките партии околу ова прашање.

# За истражувањето

Оваа анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување во Европската Унија спроведена во 2019 година се надоврзува на истражувањата спроведени во 2014, 2016, 2017 и 2018 година. Таа го користи истиот теоретско-аналитички модел на утврдување на детерминантите на поддршка на членството на Северна Македонија во ЕУ, а истовремено своите емпириски наоди ги споредува со наодите од истражувањата од претходните истражувања.

Примарните податоци кои се користени во оваа анализа произлегуваат од анкетно истражување на јавното мислење спроведено во текот на месец декември, 2019 година, на примерок од 1016 испитаници. Примерокот е национално репрезентативен според пол, возраст (над 18 години), етничка припадност и исто така, покрива испитаници од сите шест изборни единици во земјата. Резултатите се претставени во проценти и се предмет на грешка од ±3%.

Ова истражување користи иста методологија и прашалник како анкетните истражувања спроведени во 2014, 2016, 2017 и 2018 год. Со ваквиот пристап се создаваат услови за мини лонгитудинална анализа на поддршката за пристапувањето на Северна Македонија кон Европската Унија во последните шест години. Оттука, во согласност со претходно воспоставениот аналитички модел, оваа студија се фокусира на анализирање на општите трендови и на основните детерминанти на поддршка за членството на Северна Македонија во Европската Унија во периодот 2014-2019 год.

# Општи трендови

Во последните шест години, поддршката за членство на Северна Македонија во ЕУ бележи инкрементален и константен опаѓачки тренд. Минатите анализи на јавното мислење околу македонскиот пристапен процес укажуваат на силна врска помеѓу кредибилноста на пристапниот процес и степенот на поддршка на членството во ЕУ. Во овој контекст, долгогодишната блокада на пристапниот процес од страна на Грција поради спорот околу користењето на името Македонија сериозно ја наруши перспективата за напредок во пристапниот процес, а со тоа и оптимизмот кај граѓаните околу очекувањата за членство во ЕУ. Меѓутоа, со решавањето на долгогодишниот спор околу името преку ратификување на Преспанскиот договор во парламентите на двете земји во првата половина на 2019 година и официјализирањето на новото компромисно име Северна Македонија, начелно се крена најголемата препрека за македонските перспективи за напредок во пристапниот процес која навидум ги отвори вратите за започнување на долгоочекуваните преговори за членство во ЕУ.

Оттука, логично е да се претпостави зголемување на поддршката за членство во ЕУ дотолку повеќе што наодите од минатите истражувања укажуваат на ефектите од спорот околу името како на еден од најважните фактори за падот на поддршката за членство во ЕУ. Меѓутоа, во 2019 година, јавноста беше сведок на неколку настани кои би можеле да имаат сериозно влијание врз јавното мислење околу европската интеграција на Северна Македонија. Серијата одложувања на одлуката да се започнат преговорите за членство со Северна Македонија од страна на Европскиот Совет кулминираа со ставот на Франција на Самитот на Европскиот Совет во октомври 2019 год. да го блокира овој процес на неодредено време. Ваквата динамика на настани донесе големо разочарување во целиот

регион на Западен Балкан, како и кај владите на голем број држави членки на ЕУ; и во крајна линија, сериозно го наруши кредибилитетот на политиката на проширување на ЕУ.

Многу веројатно е дека падот на кредибилитетот има големо влијание врз драстичниот пад на поддршката за македонското членство во ЕУ во 2019 година (табела 1). Така, во 2019 год., 65% од популацијата би гласала за влез во ЕУ, што е за 7% помалку во однос на 2018 год. Притоа, процентот на поддршка за членство во ЕУ во последните шест години е паднат за високи 15%. Од друга страна, близу 20% од населението има евроскептични ставови. Гледано низ демографска перспектива, воочлив е генерациски јаз во дистрибуцијата на ставови. Додека кај помладата генерација поддршката за членство е над 70%, постарите возрасни категории (над 50 години) се значително повеќе евроскептични. Исто така, образовниот степен се повеќе се наметнува како значителна детерминанта за поддршката за членство во ЕУ. Така, поддршката за членство е за 10% повисока кај високо образованите граѓани споредено со оние кои имаат завршено средно образование.

**Табела 1.**[3]

| Ако следната недела се одржи референдум за влез на Република Северна Македонија во ЕУ, како би гласале вие? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % |
|---|---|---|---|---|---|
| За | 80 | 77 | 73 | 72 | 65 |
| Против | 14 | 17 | 17 | 17 | 19 |
| Не знам | 6 | 4 | 8 | 8 | 8 |
| Нема да гласам | 1 | 2 | 1 | 4 | 8 |

3 Како резултат на заокружување децимали, вкупниот збир може да не изнесува 100% (оваа забелешка се однесува на сите табели).

Пад на ентузијазмот околу членството во ЕУ е воочлив и во однос на важноста на членството во ЕУ (табела 2). И покрај тоа што членството во ЕУ е сè уште важно за голем дел од популацијата (71%), овој процент бележи пад од 10% споредено со претходната година со што и ефективно се прекинува повеќегодишниот растечки тренд. Голема дискрепанца се јавува кај категоријата испитаници за кои членството во ЕУ е многу важно, каде што во однос на минатата година воочлив е пад од високи 20%. Истовремено, расте и процентот на испитаници за кои членството во ЕУ нема никаква важност. Во оваа категорија воочлив е и забележителен диспаритет во дистрибуцијата на ставови помеѓу етничките Македонци и Албанци, при што за повеќе од 20% од етничките Македонци членството во ЕУ воопшто не е важно (наспроти 8% кај етничките Албанци).

### Табела 2.

| Колку за Вас лично е важно Северна Македонија да влезе во Европска унија? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % |
|---|---|---|---|---|---|
| Многу важно | 48 | 48 | 54 | 56 | 36 |
| Донекаде важно | 36 | 29 | 20 | 24 | 35 |
| Донекаде неважно | 5 | 5 | 6 | 5 | 10 |
| Воопшто не е важно | 10 | 16 | 18 | 14 | 18 |
| Не знам | 1 | 1 | 1,5 | 1 | 1 |
| Нема одговор / Одбива да одговори | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Од друга страна, дистрибуцијата на перцепции околу подготвеноста на државата за членство во ЕУ е скоро идентична во споредба со минатата година (табела 3). Така, 37% од популацијата смета дека Северна Македонија е спремна за членство во ЕУ, додека мнозинство од популацијата (55%) е убедена во спротивното. Доколку се анализираат подолгорочните трендови, очигледен е растот на испитаниците кои сметаат дека земјата не е подготвена за членство што укажува на консолидација на пообјективен пристап кон реалноста на македонскиот евроинтеграциски перформанс. Сепак, процентот на испитаници кои сметаат дека државата е спремна за членство останува релативно висок, што укажува и на степенот на неинформираност околу динамиката на политиката на условеност на ЕУ, како и моменталната евалуација на македонскиот пристапен процес од страна на релевантните институции на ЕУ.

**Табела 3.**

| Дали сметате дека Северна Македонија е подготвена за членство во ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % |
|---|---|---|---|---|---|
| Да | 51 | 45 | 46 | 36 | 37 |
| Не | 42 | 49 | 43 | 57 | 55 |
| Не знам | 7 | 6 | 9 | 6 | 7 |
| Нема одговор / Одбива да одговори | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 |

И кога станува збор за ставовите околу напредокот на Северна Македонија во изминатата година, не се воочливи сериозни промени во однос на 2018 година (табела 4). Како и во минатите години, мнозинство

од испитаниците констатираат напредок во процесот на европска интеграција во текот на 2019 година. Така кумулативниот процент на оние граѓани кои сметаат дека Северна Македонија многу (11%), донекаде (27%) или малку (23%) напреднала, изнесува 61%. Од друга страна, една третина од популацијата смета дека во изминатата година немало никаков напредок во процесот на европска интеграција, а 5 % сметаат дека имало назадување. Притоа, лонгитудиналниот преглед на дистрибуцијата на ставови во изминатите шест години укажува на конзистентност во перцепциите за постепен напредок во пристапниот процес. Од друга страна, во демографската распределба на ставовите повторно е воочлив јаз помеѓу перцепциите на етничките Македонци и етничките Албанци, дотолку што процентот на испитаници кои не детектираат никаков напредок во евроинтеграцискиот процес е за 20% поголем кај етничките Македонци (36%) во однос на припадниците на албанскиот етникум.

### Табела 4.

| Во однос на изминатата година колку сметате дека Северна Македонија напреднала во процесот на ЕУ интеграција? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % |
|---|---|---|---|---|---|
| Многу напреднала | 14 | 11 | 13 | 13 | 11 |
| Донекаде напреднала | 33 | 28 | 31 | 25 | 27 |
| Малку напреднала | 20 | 20 | 20 | 28 | 23 |
| Воопшто немало напредок | 26 | 30 | 27 | 30 | 33 |
| Се случило назадување | 5 | 7 | 2 | 2 | 5 |
| Не знам | 2 | 3 | 7 | 2 | 1 |
| Нема одговор / Одбива да одговори | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 |

Посериозни промени во ставовите се детектираат кај интерпретацијата на причините поради кои Северна Македонија не е членка на ЕУ (табела 5). Така, во 2019 год., близу половина од испитаниците (46%) главната причина ја позиционираат во домашната арена, т.е. во неостварувањето на потребните реформи за влез во ЕУ. Ова претставува сериозно отстапување во однос на претходните години. Сличен диспаритет има и во перцепциите околу неподготвеноста на ЕУ да ја прифати Северна Македонија како своја членка.  Една третина од популацијата го дели ова мислење, што е за скоро 50% и повеќе споредено со минатите пет години. Од друга страна, опаѓа бројот на испитаници кои ги перципираат соседните држави како главни кочничари на влезот во ЕУ. Оваа варијабла бележи постојан пад во последните шест години. Така, во 2019 год., само 22% се согласни со оваа констатација, 37% помалку во споредба со 2014 год. Ваквата дистрибуција на ставови е логична бидејќи најверојатно е рефлексија на случувањата во 2019 година, каде што со ратификувањето на Преспанскиот договор, соседна Грција повеќе не се наметнува како главен блокатор на македонските аспирации за членство во ЕУ. Истовремено, неодлучноста на Европскиот Совет да додели датум за преговори за членство на Северна Македонија со голема веројатност негативно се одразува врз перцепциите на популацијата околу веродостојноста на декларираната заложба на ЕУ околу перспективите за нејзино проширување. Меѓутоа, за разлика од минатите години, во 2019 год. се забележува поголема конвергенција помеѓу ставовите на етничките Македонци и Албанци, првенствено поради значителниот пад (од 20% во споредба со 2018) на испитаниците од албанскиот етникум кои причините за моменталната состојба ги наоѓаат во домашната арена.

Табела 5.

| Според Вас, која е главната причина што Северна Македонија сè уште не е дел од ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % |
|---|---|---|---|---|---|
| Неостварување на домашните реформи | 29 | 39 | 37 | 38 | 46 |
| Неподготвеноста на ЕУ да ја прифати Северна Македонија како своја членка | 7 | 10 | 16 | 16 | 29 |
| Соседните држави го попречуваат влезот на Северна Македонија во ЕУ | 59 | 47 | 37 | 38 | 22 |
| Не знам | 4 | 4 | 7 | 7 | 2 |
| Нема одговор / Одбива да одговори | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 |

Конечно, сè поголем број граѓани развиваат пореалистична перцепција околу временската рамка за членството во ЕУ. Додека во периодот 2017-2018 значајно расте бројот на испитаници кои веруваат во брз влез на Северна Македонија во ЕУ, во 2019 дистрибуцијата на ставовите се изедначува со далеку пореалистичните перцепции веќе детектирани во 2014 год. (табела 6). Во овој контекст, забележителен е падот од 9% кај оние испитаници кои се уверени дека Северна Македонија би станала член на ЕУ во наредните три години. Сепак, повеќе од третина од популацијата верува дека  македонското членство во ЕУ би се остварило во временска рамка од три до пет години, што укажува на недоволно познавање на динамиката на пристапниот процес и просечната

должина на преговорите за членство кои во македонскиот случај сè уште не се ни почнати. Од друга страна, расте бројот на испитаници кои имаат помалку оптимистични очекувања и кои, следствено, сметаат дека членството на Северна Македонија во ЕУ е остварливо во подолгорочна рамка од 10 до 20 години. Истовремено, во пораст е и бројот на скептични испитаници (24%) кои сметаат дека Северна Македонија никогаш нема да се зачлени во ЕУ. Притоа, овој скептицизам е значително поизразен кај етничките Македонци, од кои скоро 30% сметаат дека Северна Македонија никогаш нема да влезе во ЕУ, наспроти само 9% кај етничките Албанци.

### Табела 6.

| Кога сметате дека Северна Македонија ќе стане членка на ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % |
|---|---|---|---|---|---|
| Во наредните 3 години | 14 | 18 | 27 | 23 | 14 |
| Во наредните 5 години | 18 | 22 | 22 | 25 | 20 |
| Во наредните 10 години | 21 | 18 | 12 | 17 | 21 |
| Во наредните 20 години | 12 | 7 | 7 | 14 | 16 |
| Никогаш | 23 | 25 | 20 | 17 | 24 |
| Не знам/нема одговор | 11 | 10 | 11 | 5 | 4 |

# ДЕТЕРМИНАНТИ НА ПОДДРШКАТА НА ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

## Рационалистичко-утилитарни фактори

Лонгитудиналната анализа на главните детерминанти на поддршката на процесот на европска интеграција во Северна Македонија недвосмислено ја потврдува тезата дека економско-утилитарните очекувања се главни двигатели на позитивните ставови околу членството во ЕУ (табела 7). Овој аргумент се потврдува и во 2019 год. дотолку што очекувањето за унапредување на животниот стандард (22%) останува најважната причина за поддршката за членство во ЕУ. Доколку на оваа варијабла и се додадат и процентите на останатите одговори кои се повикуваат на рационалистичко-утилитаристичка логика, т.е. „намалување на невработеноста“ (18%) и „мобилност на работници/полесен пристап до работа во странство“, тогаш се доаѓа до кумулативен процент од 55% испитаници кои би гласале за членство во ЕУ поради економско-утилитарни причини.

Меѓутоа, во споредба со минатите години, воочливи се и значителни отстапувања во дистрибуцијата на ставови во однос на скоро сите понудени варијабили. Така, варијаблата „унапредувањето на животниот стандард“ значително го губи интензитетот во последните 4 години. Исто така, можноста за полесен пристап до работа во странство преку мобилност на

работниците која ја овозможува членството во ЕУ станува сѐ поважен фактор за оние испитаници кои го поддржуваат македонското членство во ЕУ. Од друга страна, расте и влијанието на нематеријалните, идентитетско-политички фактори. И покрај падот од 3% во споредба со 2018 год., безбедносните придобивки од членството во ЕУ се главната причина за поддршка на македонското членство во ЕУ за скоро 20% од испитаниците. Истовремено, очекувањата за унапредување на демократијата во државата и убеденоста дека Северна Македонија припаѓа кон европското семејство на држави добиваат на важност.

### Табела 7.

| Која е причината за вашиот глас за членство во ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % |
|---|---|---|---|---|---|
| Унапредување на животниот стандард | 29 | 46 | 51 | 36 | 22 |
| Намалување на невработеноста | 26 | 17 | 23 | 22 | 18 |
| Унапредување на демократијата | 10 | 5 | 7 | 9 | 13 |
| Мобилност на работници/полесен пристап до работа во странство | 3 | 10 | 5 | 6 | 15 |
| Припадност кон "европското семејство на држави" | 2 | 5 | 2 | 4 | 13 |
| Поголема сигурност и стабилност на државата | 27 | 16 | 12 | 23 | 19 |
| Не знам/нема одговор | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 |

Рационалистичко-утилитарното резонирање преовладува и во формирањето на ставовите околу вреднувањето на областите врз кои членството на Северна Македонија во ЕУ би имало најпозитивно влијание (табела 8). Следствено, очекувањата околу намалувањето на невработеноста (20%), развојот на економијата (18%) и подобрувањето на квалитетот на живот во целина (17%) генерираат највисоки фреквенции на ставови помеѓу испитаниците. Притоа, дистрибуцијата на ставови низ сите категории е релативно конзистентна низ целокупниот временски период кој е предмет на опсервација на ова истражување.

### Табела 8.

| На која област најпозитивно ќе влијае членството на Северна Македонија во ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % |
|---|---|---|---|---|---|
| Развој на економијата | 23 | 25 | 25 | 20 | 18 |
| Стабилност | 13 | 15 | 15 | 13 | 14 |
| Намалување на невработеност | 23 | 18 | 21 | 19 | 20 |
| Човекови права и слободи | 12 | 9 | 12 | 14 | 12 |
| Подобрување на инфраструктура | 6 | 5 | 5 | 9 | 11 |
| Квалитетот на живот во целина | 16 | 18 | 11 | 13 | 17 |
| Зајакнување на националниот идентитет | 3 | 4 | 4 | 7 | 3 |
| Друго | 1 | 3 | 2 | 1 | 2 |
| Не знам | 3 | 3 | 6 | 3 | 3 |

# Идентитетски и вредносни фактори

Досегашните анализи на јавното мислење околу членството на Северна Македонија во ЕУ недвосмислено укажуваат на доминантна позиција на утилитарните фактори како главни предиктори на поддршката за членство во ЕУ. Меѓутоа, истовремено е воочлив и нагорен тренд на влијание на фактори кои се поврзани со идентитетски и вредносни сентименти, посебно врз формирањето на евроскептични ставови. Така, споредбената анализа на дистрибуцијата на евроскептични ставови во периодот 2014-2018 укажува на значителна промена во интензитетот на детерминантите на евроскептичната енергија во државата. Додека во периодот од 2014 до 2016 година доминираат утилитарните фактори, во наредните две години се бележи перцептивна промена која сè поголема важност им дава на културолошките и идентитетските фактори. Ова особено се гледа во резултатите од истражувањето од 2019 година  (табела 9), каде што промената на уставното име (21%) со цел да се акомодира перспективата за членство, стравот од губење на националниот идентитет (17%) и стравот од губење на суверенитетот и независноста на државата се наметнуваат како најпотентни детерминанти на евроскептичната енергија во Северна Македонија. Притоа, сè повеќе расте и сентиментот дека ЕУ не го сака македонското членство во ЕУ.

---

[4] Поради новонастанатата ситуација со официјалната промена на името во Северна Македонија, истражувањето од 2019 год. мораше да претрпи промена на варијаблата „обидите за промена на уставното име на државата“ во „промена на уставното име на државата“. Поради оваа методолошка промена, каков било споредбен повеќегодишен приказ на резултатите од оваа категорија би бил методолошки неконзистентен. Затоа, во табелата се прикажани само резултатите од 2019 год. За компаративен приказ на дистрибуцијата на евроскептичните детерминанти во периодот 2014-2018, види: Дамјановски, Иван и Кирхнер, Мари Јеленка. “Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на  пристапување кон Европската унија (2014-2018)”. Фондација Конрад Аденауер / Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје, 2019, стр. 16.

Табела 9.

| Која е причината за вашиот глас против членство во ЕУ? | 2019<br>% |
|---|---|
| Влошување на животниот стандард | 12 |
| Загрозување на македонската економија | 7 |
| Промена на уставното име на државата | 21 |
| Губење на националниот идентитет | 17 |
| Ќе станеме премногу зависни од Брисел | 10 |
| Губење на суверенитетот и независноста на државата | 17 |
| ЕУ не нè сака | 16 |
| Не знам/нема одговор | 0 |

Од друга страна, нема сериозна промена во однос на идентитетските себе-перцепции (табела 10). И покрај тоа што бројот на испитаници кои делат ексклузивна етно-национална самоидентификација е во благ пад, дистрибуцијата на ставови не се разликува многу од европскиот тренд, каде што овој вид на себе-идентификација е доминантен. Следствено, процентот на граѓани кои се идентификуваат низ призма на двоен идентитет, етно-национален и Европски е во благ пораст. Процентот на граѓани кои му даваат предност на европскиот наспроти етно-националниот идентитет или пак се декларираат само како европејци е минорен.

Табела 10.

| Пред сè, дали се чувствувате како? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % |
|---|---|---|---|---|---|
| Само Македонец/ Албанец/ друг | 69 | 70 | 77 | 69 | 67 |
| Македонец/ Албанец/ друг и Европеец | 20 | 20 | 15 | 20 | 24 |
| Европеец и Македонец/ Албанец/ друг | 6 | 7 | 3 | 4 | 7 |
| Само Европеец | 3 | 3 | 3 | 5 | 1 |
| Не знам | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 |

Податоците од истражувањето од 2019 год. укажуваат и на сериозно поместување на ставовите кај испитаниците со ексклузивна етно-национална самоидентификација. Резултатите од изминатите години укажуваат дека ексклузивниот идентитет не е бариера за висока поддршка на членството во ЕУ, со оглед на тоа што големо мнозинство од испитаниците кои се себе-идентификуваат исклучиво низ призма на етно-национална припадност, истовремено се и поддржувачи на членството во ЕУ. Меѓутоа, наодите од 2019 бележат пад кај оваа корелација. Така, и покрај тоа што мнозинството од испитаниците кои се идентификуваат само како припадници на етно-национална заедница го поддржуваат членството на Северна Македонија во ЕУ (57%), овој процент бележи пад од повеќе од 10% во однос на 2018 год. Од друга страна, преку 80% од популацијата која декларира двоен (етно-национален и европски) идентитет, очекувано дава поддршка на членството во ЕУ.

# Информации за КАС

–

Слобода, правда и солидарност се основните начела врз кои почива работата на фондацијата Конрад Аденауер Штифтунг (КАС). КАС е политичка фондација тесно поврзана со Христијанската Демократска Унија на Германија (ЦДУ). Ние работиме на образовни програми за општеството и соработуваме со владини институции, политички партии, граѓански организации и избрани елити, градејќи силни партнерства. Заедно со нашите партнери даваме придонес кон создавањето на меѓународен поредок, кој овозможува секоја земја да се развива во духот на слободата и својата одговорност.

**Контакт податоци за КАС**

-

Адреса: ул. Ристо Равановски
бр.8, 1000 Скопје.
Телефонски број: +389 2 321 70 75
+389 23 21 70 76,
електронска пошта: Skopje@kas.de

# Информации за ИДСЦС

–

ИДСЦС е тинк тенк организација која го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Северна Македонија. ИДСЦС има мисија да ја помогне граѓанската вклученост во носењето на одлуки и да ја зајакне партиципативната политичка култура. Преку зајакнување на слободарските вредности, ИДСЦС придонесува на соживот помеѓу различностите.

**Контакт податоци за ИДСЦС**

-

Адреса: ул. Мирослав Крлежа
бр. 52/1 /2, 1000 Скопје
Тел. бр.: +389 2 3094 760 ,
електронска пошта: contact@idscs.org.mk

# Информација за авторот

–

**Иван Дамјановски** е вонреден професор на Политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Неговите истражувачки интереси се фокусираат на европеизацијата на земјите кандидати за членство во ЕУ, проширувањето на ЕУ, теоријата за европска интеграција и политиките на етнички идентитети.

# Линк

–

**Ова издание е електронски достапно на:**

-

https://idscs.org.mk/mk/portfolio/анализа-на-јавното-мислење-за-македон-4

Анализа на јавното мислење
бр.03/2020

# Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2019)

Автор: Иван Дамјановски

-

февруари 2020

Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

KONRAD ADENAUER STIFTUNG